
JUGOSLAVIA
BULGARIA
ALBANIA
This part of Macedonia fell under Serbian occupation ( Yugoslavia ) in 1913.
In 1944 the Macedonian freedom fighters created it's Macedonian Republic that enjoys limited freedom, but falls short from being totally independent.
This part of Macedonia is occupied by the dictatorial puppet regime of Bulgaria.
MACEDONIA
This part of Macedonia is under the Greek terror of occupation since 1913.
GREECE
AEGEAN SEA

***По завршувањето на Големата војна и на Советската болшевичка револуција, големите сили биле во рушевини и започнале долг процес на повторна изградба. Желбите на Русија за империјалистички потфати и нејзината опсесија за уништување на Отоманското Царство предизвикале големо економско страдање на нејзиниот народ. Додека Македонците на Балканот страдале од денационализација и угнетување, светот околу нив се менувал.***

Издигнувањето на Ленин на власт ставило крај на руските империјалистички амбиции на Балканот, особено царските желби за анексирање на Цариград и Едрене. Германија, од друга страна, огорчена поради нејзиниот претходен пораз, почнала повторно да ја гради својата економија. Вознемирени од своите претходни битки со Германија, и Франција и Британија почнале повторно да си ги градат своите економии и воени сили. Германија, како поразена страна и како поттикнувач на Големата војна, била присилена да им плаќа надоместок за штетите на победничките држави.

Наспроти сите напори вложени за закрепнување од Големата војна, економската ситуација во Европа се влошувала и го достигнала својот максимум во октомври 1929 година кога берзата во Соединетите Држави крахирала. Економскиот колапс во 30-тите години на XX век и “Големата депресија” го поларизирала светот на “леви и десни” економски табори. Во левиот спаѓале следбениците на работничката класа и на комунизмот, додека во десниот биле поддржувачите на индустријата и капитализмот.

Натегањето дали ќе има војна меѓу левицата и десницата го достигнало својот максимум кога во Шпанија, во јули 1936 година, избувнала Граѓанската војна. Германија ја поддржувала десницата и испратила свои трупи да се борат на страната на шпанската влада. На Германија, во тоа време, и било дозволено да има само мала армија, па за да ја компензира својата ограничена бројчана способност таа ги фокусирала своите напори кон создавање супер-сила.

Германската мала, но способна армија, обучувана во борбени услови и испробана на терен, се очеличила во шпанскиот конфликт. Ова ги објаснува нејзините бројни победи во текот на Втората светска војна. Руското и германското влијание не ги одминало балканските држави и тие, исто така, го почувствувале натегањето од двата табора.




EXILES IN THE AEGEAN
by BERT BIRTLES
16/-
With 10 illustrations
EXILES IN THE AEGEAN
by Bert Birtles
Unique picture of the most fascinating country in the world; half travel (see some of the illustrations); and half a picture of one of the blackest of Dictatorships (see the rest of the illustrations!). The author's adventures — he was accompanied by his wife — began
GOLLANCZ



**РИСТО СТЕФОВ□ И**



**СЛАВЕ КАТИН**